# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 1/2025 28.01.2025 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 47 та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 27.01.2025 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2025 година бр. 26-92/3;
2. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бод за пресметување на плати за вработените во ЈКП „Никола Карев“ за 2025 година бр. 26-92/4;
3. Одлука за усвојување на План за запишување на ученици во прва година во учебната 2025/2026 во Средното општинско училиште „Наум Наумовски Борче“ Пробиштип бр. 26-92/5;
4. Програма за изменување на Програмата за одржување и изградба на локални патишта и улици во Општина Пробиштип за 2025 година бр. 26-92/6;
5. Одука за усвојување на Извештај од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на Општина Пробиштип со состојба на 31.12.2024 година, бр. 26-92/7;
6. Одлука за отстапување на движен имот-контејнери за отпад на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип бр. 26-92/8;
7. Одлука за изменување на Одлуката за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од Јавната установа Центар за социјална работа Пробиштип, а по повод Празникот на градот 28-ми Август бр. 26-92/9;
8. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на критериуми и услови за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделение) во основните општински и подрачните училишта бр. 26-92/10;
9. Одлука за утврдување на критериумите за субвенционирање на граѓаните на Општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди бр. 26-92/11;

10. Одлука за утврдување на критериумите за субвенционирање на граѓаните на Општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори бр. 26-92/12;
11. Одлуказ за изменување на одлуката за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за 2025 година бр. 26-92/13;
12. Одлука за утврдување на вредност на бод за административните службеници во Општина Пробиштип за 2025 година бр. 26-92/14;
13. Решение за престанок на мандат и именување членови во Управен одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Нада Михајлова“ Пробиштип бр. 26-92/15;
14. Решение за формирање Комисија за спорт во Општина Пробиштип бр. 26-92/16;
15. Заклучок за неусвојување на Финансиски план на ЈКП „Никола Карев“ за 2025 година бр. 26-92/17;
16. Заклучок за неусвојување на Изменување на Годишен план за вработување на Општинско основно училиште „Никола Карев“ Пробиштип за 2025 година бр. 26-92/18;
17. Заклучок за неусвојување на барање согласност на Одлука за утврдување на мени и цени на услуги за организирање за исхрана на деца на возраст од 6 до 10 години (од прво до петто одделение) во Јавната општинска установа Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип бр. 26-92/19;
18. Заклучок за неусвојување на Финансиски извештај за реализација на буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 д 31.12.2024 година бр. 26-92/20.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-92/21<br>28.01.2025 година<br>Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ГРАДОНАЧАЛНИК,<br>Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 09/24) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година, расправајќи по Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2025 година**

Член 1

Се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2025 година бр. 01-811/1 од 20.12.2024 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-842/1 од 26.12.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2025 година бр. 01-811/1 од 20.12.2024 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-842/1 од 26.12.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002) и член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Пробиштип расправајќи по Барањето согласност на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2025 година, на седницата одржана на ден 27.01.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2025 година**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2024 година, бр. 02-46/1 од 21.01.2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2024 година, бр. 02-46/1 од 21.01.2025 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/4<br>27.01.2025 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/2024)) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024), Советот на Општина Пробиштип расправајќи по предлог - планот за запишување на ученици во прва година во СОУ “Наум Наумовски – Борче” од Пробиштип за учебната 2025/2026 година, на седницата одржана на ден 27.01.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За усвојување на План за запишување на ученици во прва година во СОУ “Наум Наумовски – Борче” од Пробиштип за учебната 2025/2026 година**

Член 1

Се усвојува Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ “Наум Наумовски – Борче” од Пробиштип за учебната 2025/2026 година, бр. 02-36/2 од 13.01.2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2025/2026 година, бр. 02-36/2 од 13.01.2025 година, со табеларен преглед.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/2024) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на Општина Пробиштип (Сл. гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 , 23/2019 и 09/2024), Советот на Општина Пробштип на седницата одржана на 27.01.2025 година, ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ЗА 2025 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Пробиштип за 2024 година бр 26-843/6 од 17.12.2024 година и тоа :

**Подпрограма Јд – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици**

-По точката 20 се додава нова точка 21 Санација и реконструкција на улица покрај здравен дом во Злетово, во графата буџет сума од 600 000 денари, а во графата донации 0 денари.

-Вкупно во подпрограмата Јд место предвидените 13 320 000 денари во графата буџет се заменува со сума од 13 920 000 денари, а во графата донации останува сумата од 122 404 000 денари.

Програмата за изменување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на општина Пробиштип за 2025 година стапува во сила со донесувањето , а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/6
27.01.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024 ), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.61/2002, бр.98/2002 , бр.81/2005, бр.24/2011, 145/2015 и 170/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и согласно со одредбите од член 29 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) како и врз основа на Правилникот за попис на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 27.01.2025 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2024 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2024 година бр. 08-63/1 од 14.01.2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2024 година бр. 08-63/1 од 14.01.2025 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-92/7
27.01.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 а во врска со член 64 став 3 и член 65 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина

Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за отстапување на контејнери на отпад**
**на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука Општина Пробиштип врши отстапување на движен имот- контејнери за отпад на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип на трајно користење, без надоместок.

Член 2

На ЈКП „Никола Карев“ се отстапуват вкупно 19 контејнери за отпад со волумен од 1100 литри кои Општина Пробиштип ги има добиено како донација од Министерството за животна средина.

Член 3

За регулирање на меѓусебните права и обврски Општина Пробиштип и ЈКП „Никола Карев“ ќе склучат договор во кој точно ќе се утврдат правата и обврските на договорните страни и вредноста на движниот имот кој се пренесува.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/8
27.01.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За изменување на Одлуката за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, а по повод Празникот на градот 28-ми Август**

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, а по повод Празникот на градот 28-ми Август со број 26-199/17 од 13.02 2024 година и тоа:

Во членот 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додават зборовите „ корисниците на гарантирана минимална помош и корисниците на социјална пензија (право на социјална сигурност за старите лица) од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип."

Член 2

Во членот 2 се додава нов став 4 кој гласи: „ Паричен надоместок како еднократна парична помош се обезбедува за корисниците на гарантирана минимална помош и корисниците на социјална пензија (право на социјална сигурност за старите лица) од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип."

Член 3

Во членот 3 став 1 после зборовите ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип се става запирка и се додават следните зборови: „ корисниците на гарантирана минимална помош и корисниците на социјална пензија (право на социјална сигурност за старите лица) од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип" .

Член 3 став 2 се менува и гласи „Еднократната парична помош се остварува еднократно во текот на година по повод 28 Август –празник на општината, а јавниот повик се распишува во период определен во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита.

Член 4

Во членот 4 став 1 после зборовите ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип се става запирка и се додават следните зборови: „ корисниците на гарантирана минимална помош и корисниците на социјална пензија (право на социјална сигурност за старите лица) од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип" .

Член 5

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/9
27.01.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За изменување на Одлуката за утврдување на критериуми и услови за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години ( прво до петто одделение) во основните општински и подрачните училишта**

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување на Одлуката со кои се утврдуват критериумите и условите за остварување на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години ( прво до петто одделение) во основните општински и подрачни училишта во Општина Пробиштип со број 26-80/14 од 26.01 2024 година.

Член 2

Во член 4 став 4 зборот „ фактура“ се заменува со „ Извештај“ кој ќе гласи „По истекот на секој месец ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип доставува извештај до општината, а врз основа на доставените списоци од училиштата“

Член 3

Во член 5 се додава став 2 кој ќе гласи: Општина Пробиштип, Одделението за јавни дејности врз основа на доставениот Извештај за вкупен број на корисници -ученици на топол појадок од ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип изготвува Решение за исплата на парични средства на ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип кое е основ за исплата на финансиските средства.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Пробиштип“.

Број 26-92/10<br>27.01.2025 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Дарко Анастасовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 48 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на Општина Пробиштип бр. (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година ја усвои следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на критериумите за субвенционирање на граѓаните од Општина пробиштип за набавка на инвертер клима уреди**

**Општи одредби**

Член 1

Општина Пробиштип, со цел да ги стимулира граѓаните за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на своите домови, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства, за инвертер клима уреди купени во тековната година.

Член 2

Општина Пробиштип, за реализација на мерките против загадувањето на воздухот, ќе распише јавен повик за субвенционирање на граѓаните за купување инвертер клими. На јавниот повик ќе се прифаќаат фискални сметки за купен инвертер клима уреди за тековната година во која се распишува јавниот повик па до денот на завршување на повикот, односно се до исцрпување на буџетот наменет за таа намена.

Член 3

Сите граѓани на Општина Пробиштип кои имаат фискални сметки за купување инвертер клима уред во тековнта година и кои ги исполнуваат посебните услови за учество на јавниот повик ќе имаат можност да аплицираат за субвенционирање на дел од трошоците за набавка на инвертер клима уреди.

Член 4

Субвенционирањето на граѓаните на подрачјето на Општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди ќе се финансира од Буџетот на Општина Пробиштип. Висината на субвенцијата ќе биде во износ од од 10.000 денари со вклучен персонален данок на доход.

Средствата за субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клима уреди ќе бидат предвидени во Буџетот на Општина Пробиштип во соодветната програма, а вкупниот износ на средства одобрен за тековната година за субвенционирање на инвертер клима уреди ќе биде објавен во јавниот повик.

**Критериуми за субвенционирање**

Член 5

Право на учество за субвенционирање на дел од средствата за купување на инвертер клима уреди имаат физички лица кои се жители на Општина Пробиштип и кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да се жители на Општина Пробиштип

- Инвертер клима уредот да го купил во тековната година за која е распишан јавниот оглас, се до завршување на јавниот повик, односно исцрпување на средствата од Буџетот на Општина Пробиштип за субвенционирање за купување инвертер клима уреди,
- да нема искористено субвенции од кој било извор во Република Северна Македонија за набавка на инвертер клима уред.
- до поднесување на барањето да е корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут,
- станбениот објект да не е во фаза на градба, да е легално изграден и евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности, и во него барателот да живее и истиот да е на територијата на Општина Пробиштип,
- да има платено данок на имот за станбениот објект каде што ќе биде инсталиран уредот, заклучно со годината за која е распишан јавниот оглас,
- Само едно лице по домаќинство може да поднесе едно барање за добивање надоместок исклучиво за набавка на еден уред.

**Потребна документација**

Член 6

При разгледување на барањата за субвенционирање, предвид ќе бидат земени оние барања кои се комплетни, односно во кои подносителот ги доставил следните документи:

- доставил пополнет образец за јавниот повик за доделување субвенции за набавка на инвертер клима уред,
- доставил доказ дека е жител на Општина Пробиштип, што се докажува со фотокопија на личната карта,
- доставил доказ за набавка на инвертер клима уред и тоа фискална сметка или фактура и извод од банка за извршената уплата или Договор за плаќање на рати со прилог за платена прва рата (во оригинал или копија заверена на нотар)
- доставил фотографија од печката на дрва, јаглен, нафта или мазут која ја користел,
- доставил фотокопија од трансакциска сметка, и
- доставил потврда за платен данок на имот за станбениот објект за тековната година,
- доставил изјава заверена кај нотар дека нема користено субвенции од кој било извор во Република Северна Македонија за набавка на инвертер клима уред.
- доставил имотен лист за објектот со адреса на подрачјето на општина Пробиштип каде е вграден инвертер клима уредот.

**Доставување на барања**

Член 7

Барањата за субвенционирање за набавка на инвертер клима уред со другата документација во прилог се доставуват во затворен плик до „ Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клима уред “ во архивата на Општина Пробиштип, на адреса ул.Јаким Стојковски бр.1 Пробиштип, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

На пликот треба да е наведено: „Јавен повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клима “.

Архивата на Општина Пробиштип примените барања ќе ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

Образецот на барање и образецот на изјава ќе бидат достапни на веб страницата на Општина Пробиштип www.probistip.gov.mk и во архивата на општина Пробиштип.

**Начин на одобрување**

Член 8

Одобрување на субвенцијата за набавка на инвертер клима уреди за граѓаните од Општина Пробиштип ќе го врши Комисија која има право да изврши увид на лице место.

Одобрувањето на на субвенцијата за набавка на инвертер клима уреди за граѓаните од Општина Пробиштип ќе се врши на принципот прв дојден, прв услужен.

**Јавен повик**

Член 9

Сите заинересирани граѓани ќе можат да бараат на субвенција за набавка на инвертер клима уреди откако ќе биде распишан јавен повик за тековната година и ќе трае до крајот на месец ноември тековната година, односно до искористување на предвидените средства и истиот ќе биде објавен на огласна табла во општина Пробиштип, на веб страницата на Општина Пробиштип, на фејсбук профилот на Општина Пробиштип и на локалните .

**Комисија**

Член 10

Јавниот повик за субвенционирање за набавка на инвертер клима уред го распишува Комисија формирана од Градоначалникот.

Комисијата има за задача:

- Да го распише јавниот повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертр клима уреди,

- Да ги разгледа пристигнатите барања и документацијата дадена во прилог со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни,

- Да изврши теренски увид кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација за да утврди дека ги исполниле условите од Јавен повик, а особено дека купената инвертер клима е инсталирана во живеалиштето според личната карта на барателот, дека станбениот објект не е во фаза на градба и во него барателот живее и дека барателот до поднесување на барањето е корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут.

- Да достави листа со податоци за лицата кои ги исполнуваат условите за користење на субвенцијата за инвертер клима уред

Барателот е должен да и овозможи пристап на Комисијата до станбениот објект и просторијата во која е инсталирана набавениот инвертер клима уред.

**Исплата на средства**

Член 11

Исплатата на одобрените средства ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања по принципот „прв дојден прв услужен“, по претходно донесено решение за усвојување на барањата од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип .

Градоначалникот на Општина Пробиштип на предлог на Комисијата донесува решение за исплата на субвенцијата за инвертер клима уред за лицата кои ги исполниле условите од Јавниот повик, а во случај на неусвојување на барањето на предлог на Комисијата, дава писмено известување за одбивање на барањето.

Член 12

Правилникот влегува во сила со донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 48 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр. (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година ја усвои следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на критериумите за субвенционирање на граѓаните од Општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори**

**Општи одредби**

Член 1

Општина Пробиштип, со цел да ги стимулира граѓаните за користење на обновливи извори на енергија, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства, за сончеви колектори купени во тековната година.

Член 2

Општина Пробиштип, ќе распише јавен повик за субвенционирање на граѓаните за купуени сончеви колектори. На јавниот повик ќе се прифаќаат фискални сметки за купен сончев колектор за тековната година во која се распишува јавниот повик па до денот на завршување на повикот, односно се до исцрпување на буџетот наменет за таа намена.

Член 3

Сите граѓани на Општина Пробиштип кои имаат фискални сметки за купување сончев колектор во тековнта година и кои ги исполнуваат посебните услови за учество на јавниот повик ќе имаат можност да аплицираат за субвенционирање на дел од трошоците за набавка на сончев колектор.

Член 4

Субвенционирањето на граѓаните на подрачјето на Општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори ќе се финансира од Буџетот на Општина Пробиштип. Висината на субвенцијата ќе биде во износ од од 10.000 денари со вклучен персонален данок на доход.

Средствата за субвенционирање на граѓаните за набавка на сончеви колектори ќе бидат предвидени во Буџетот на Општина Пробиштип во соодветната програма, а вкупниот износ на средства одобрен за тековната година за субвенционирање на инвертер клима уреди ќе биде објавен во јавниот повик.

**Критериуми за субвенционирање**

Член 5

Право на учество за субвенционирање на дел од средствата за купување на сончев колектор имаат физички лица кои се жители на Општина Пробиштип и кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да се жители на Општина Пробиштип
- сончев колектор да го купил во тековната година за која е распишан јавниот оглас, се до завршување на јавниот повик, односно исцрпување на средствата од Буџетот на Општина Пробиштип за субвенционирање за сончеви колектори,
- да нема искористено субвенции од кој било извор во Република Северна Македонија за набавка на сончев колектор,
- станбениот објект да не е во фаза на градба, да е легално изграден и евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности, и во него барателот да живее и истиот да е на територијата на Општина Пробиштип,
- да има платено данок на имот за станбениот објект каде што ќе биде инсталиран сончевиот колектор, заклучно со годината за која е распишан јавниот оглас,
- Само едно лице по домаќинство може да поднесе едно барање за добивање надоместок исклучиво за набавка на еден сончев колектор.

**Потребна документација**

Член 6

При разгледување на барањата за субвенционирање, предвид ќе бидат земени оние барања кои се комплетни, односно во кои подносителот ги доставил следните документи:

- доставил пополнет образец за јавниот повик за доделување субвенции за набавка на сончев колектор,

- доставил доказ дека е жител на Општина Пробиштип, што се докажува со фотокопија на личната карта,
- доставил доказ за набавка на сончев колектор и тоа фискална сметка или фактура и извод од банка за извршената уплата или Договор за плаќање на рати со прилог за платена прва рата (во оригинал или копија заверена на нотар)
- доставил фотокопија од трансакциска сметка, и
- доставил потврда за платен данок на имот за станбениот објект за тековната година,
- доставил изјава заверена кај нотар дека нема користено субвенции од кој било извор во Република Северна Македонија за набавка на инвертер клима уред.
- доставил имотен лист за објектот со адреса на подрачјето на општина Пробиштип каде е вграден сончевиот колектор.

**Доставување на барања**

Член 7

Барањата за субвенционирање за набавка на сончев колектор со другата документација во прилог се доставуват во затворен плик до „ Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните за набавка на сончеви колектори “ во архивата на Општина Пробиштип, на адреса ул.Јаким Стојковски бр.1 Пробиштип, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

На пликот треба да е наведено: „Јавен повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на сончеви колектори “.

Архивата на Општина Пробиштип примените барања ќе ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

Образецот на барање и образецот на изјава ќе бидат достапни на веб страницата на Општина Пробиштип www.probistip.gov.mk и во архивата на општина Пробиштип.

**Начин на одобрување**

Член 8

Одобрување на субвенцијата за набавка на сончев колектор за граѓаните од Општина Пробиштип ќе го врши Комисија која има право да изврши увид на лице место.

Одобрувањето на на субвенцијата за набавка на сончев колектор за граѓаните од Општина Пробиштип ќе се врши на принципот прв дојден, прв услужен.

**Јавен повик**

Член 9

Сите заинересирани граѓани ќе можат да бараат на субвенција за набавка на сончев колектор откако ќе биде распишан јавен повик за тековната година и ќе трае до крајот на месец ноември тековната година, односно до искористување на предвидените средства и истиот ќе биде објавен на

огласна табла во општина Пробиштип, на веб страницата на Општина Пробиштип, на фејсбук профилот на Општина Пробиштип и на локалните медиуми .

**Комисија**

Член 10

Јавниот повик за субвенционирање за набавка на сончеви колектори го распишува Комисија формирана од Градоначалникот.

Комисијата има за задача:

- Да го распише јавниот повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на сончеви колектори,
- Да ги разгледа пристигнатите барања и документацијата дадена во прилог со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни,
- Да изврши теренски увид кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација за да утврди дека ги исполниле условите од Јавен повик, а особено дека купениот сончев колектор е инсталиран во живеалиштето според личната карта на барателот, дека станбениот објект не е во фаза на градба и во него барателот живее.
- Да достави листа со податоци за лицата кои ги исполнуваат условите за користење на субвенцијата за сончеви колектори

Барателот е должен да и овозможи пристап на Комисијата до станбениот објект и просторијата во која е инсталирана набавениот сончев колектор.

**Исплата на средства**

Член 11

Исплатата на одобрените средства ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања по принципот „прв дојден прв услужен“, по претходно донесено решение за усвојување на барањата од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип .

Градоначалникот на Општина Пробиштип на предлог на Комисијата донесува решение за исплата на субвенцијата за сончев колектор за лицата кои ги исполниле условите од Јавниот повик, а во случај на неусвојување на барањето на предлог на Комисијата, дава писмено известување за одбивање на барањето.

Член 12

Правилникот влегува во сила со донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/12
27.01.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник наРепублика Македонија” бр. 5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр, 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15, 209/18 и Службен весник на Република Северна македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), а во врска со член 7 став 2 точка 2 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избраните и именуваните лица во Република Македонија (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.272/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**Изменување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2025 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши Изменување на **одлуката за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2025 година** Број 26-886/10 од 27.12.2024 година и тоа:

Во членот 9 став 1 алинеја 1 коефициентот „2,52” се заменува со коефициент „2,23”.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањет во Службен гласник на Општина Пробиштип , а ќе се применува со исплата на платата за месец февруари 2025 година.

Број 26-92/13
27.01.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник наРепублика Македонија” бр. 5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) ,а согласно член 21 став 1 точка

44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип " број 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година , донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот**
**за пресметување на платите на административните службеници во Општина Пробиштип за 2025 година**

Член 1

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во општина Пробиштип и јавните службеници кај буџетските корисници во општина Пробиштип за 2025 година.

Вредноста на бодот за пресметување на платите за 2025 година изнесува **81,6 денари**.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пробиштип ", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2024 година.

Број 26-92/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник наРепублика Македонија" бр. 5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 21 став 42 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024), а во врска со член 102 став 2 точка 1 од Законот за здравствена заштита (Службен Весник на РМ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и Службен Весник на РСМ бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година, а на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член во Управниот Одбор на Јавната здрвствена установа „Нада Михајлова" од Пробиштип**

1. Од Управниот Одбор на Јавната здравствена установа „Нада Михајлова “ од Пробиштип, како претставници од Општина Пробиштип, се разрешуваат:
   - Јовица Денчевски од Пробиштип и
   - Марина Јованова од Пробиштип

2. Во Управниот одбор на на Јавната здравствена установа „Нада Михајлова “ од Пробиштип, како претставници од Општина Пробиштип се именува:
   - Александар Пешевски од Ратавица и
   - Александар Стоименовски од Пробиштип.

3. Мандатот на именуваниот член е утврден со Статутот на ЈЗУ„Нада Михајлова“ од Пробиштип.

4. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-92/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната (“Службен Весник наРепублика Македонија” бр. 5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24), и член 21 став 1 точка 38, од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15, 23/19 и 09/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за за спорт**

1. Се формира Комисија за спорт од пет членови од редот на членовите на Советот на Општина Пробиштип, како постојана комисија при Советот на општина Пробиштип.

2. За претседател и членови на Комисијата за спорт се именуваат:

- Оливер Андовски
- Дарко Кузев
- Дарко Анастасовски
- Давор Стојчовски

- Денис Пановски

3. Комисијата се формира како помошно работно тело на Советот која разгледува прашања од областа на спортот во Општина Пробиштип. Комисијата ја следи реализацијата на Програмата и учествува во реализација на сите спортски активнори кои ги спроведува Општина Пробиштип. Исто така Комисијата предлага мерки за изградба, реконструкција и санација на спотската инфраструктура во Општина Пробиштип.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/16 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015 и 23/2019) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година, расправајќи по Финансовиот план на ЈКП „Никола Карев" Пробиштип за 2025 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Не се дава согласност на Финансовиот план на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за 2025 година бр. 05-813/1 од 20.12.2024 година.

Број 26-92/17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република

Македонија бр.27/14, 199/16, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 14/20 и 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година разгледувајќи го Годишниот план за вработување-Измена на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2025 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Не се дава согласност на Годишниот план за вработување-Измена на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2025 година бр. 04-22/1 од 20.01.2025 година.

Број 26-92/18 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 , 23/2019 и 09/2024) а во врска со член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Не се дава согласност на Одлука за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години (од прво до петто одделение) од страна на ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип бр. 02-21/1 од 17.01.2024 година.

Број 26-92/19 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/2024) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на

Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2025 година, разгледувајки го Финансискиот извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период 01.01.2024 до 31.12.2024 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Не се усвојува Финансискиот извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период 01.01.2024 до 31.12.2024 година .

Број 26-92/20
27.01.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.